НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

„ПРОФЕСИОНАЛНА ТАЈНА“

Дирекција за вонтеренска супервизија и лиценцирање

Бр. 15- 10162/1 Скопје, 21 март 2022 година

**До**
**Овластените менувачи**

**ПРЕДМЕТ:** Известување за измени и дополнувања на Одлуката за менувачки работи

Почитувани,

На седницата на Советот на Народната банка на Република Северна Македонија одржана на 18 март 2022 година, беше донесена Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за менувачки работи. Измените и дополнувањата на Одлуката за менувачки работи се направени со цел да се овозможи поголема флексибилност при вршењето на менувачките работи од страна на овластените менувачи. Имено, со измените и дополнувањата се предвидува можност овластените менувачи, во случај на недостиг на ефективни странски пари во евра за задоволување на побарувачката, да купат од банките, за што е потребно да склучат договор. Со договорот, овластениот менувач и банката ги утврдуваат условите под кои ќе се врши купувањето на ефективни странски пари во евра.

Овластениот менувач вака купените ефективни странски пари во евра, не смее да ги продава по курс којшто е повисок од 0,03 денари од курсот по кој ги купил од овластената банка. Овластениот менувач за склучениот договор со банка заради појава на недостиг на евра е должен да ја извести Народната банка во рок од 1 (еден) работен ден.

Ваквата можност се очекува да придонесе за соодветна распределба на ефективните странски пари во евра кај одделните овластени менувачи со дозвола за вршење менувачки работи, и непречено задоволување на побарувачката на физичките лица од овластените менувачи.

Соодветно на измените и дополнувањата на Одлуката за менувачки работи, ќе се направи и измена на Упатството за спроведување на Одлуката за менувачки работи и во Образецот - ИМР1 Извештај за прометот остварен од менувачко работење ќе има нова колона (колона 5) во која овластениот менувач ќе треба да ја запишува и пријавува и вредноста на купените ефективни странски пари од овластени банки во евра. Првиот ИМР 1 Извештај со новата колона со податок за вредноста на купените ефективни странски пари од овластени банки во евра треба да се изработи за третата декада од март 2022 година.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. „Кузман Јосифовски Питу“ бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-306
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-348
**www.nbrm.mk**

Воедно, Ве известуваме и дека за склучување на договор за уредување на условите за купување ефективни странски пари во евра можете да се обратите кај следниве овластени банки: НЛБ Банка АД Скопје, Шпаркасе банка АД Скопје и Халк банка АД Скопје.

Со почит,

директор
Илија Андовски